РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 03-2839/1
Скопје 10.07.2020г.

Предмет: Дневен извештај на Агенцијата

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 9-ти јули 2020** година.

Во денешниот извештај Ве информираме дека на барање на Агенцијата, во рамки на проектот ЈУФРЕКС, поддржан од Европската Унија и Советот на Европа, беше преведена на македонски јазик публикацијата на Советот на Европа **„Дезинформации и изборни кампањи“**.

Публикацијата беше објавена во јуни 2019 година, а нејзин автор е Ив-Мари Дубле. Таа го обработува прашањето за влијанието на дезинформациите врз изборни кампањи и врз резултатите од избори, и се обидува да даде предлози за оформување на правна рамка за справување со дизинформациите за време на избори, како и за тоа како да се подигне јавната свест за потребата од проверка на фактите и да се поттикне поостроумно уредувачко расудување во медиумите.

Публикацијата е достапна на веб сајтот на Агенцијата и беше дистрибуирана до сите медиуми.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,
..........................................................
д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје